Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# Упатство за реализација на скратените наставни програми

## ВО ОСНОВНОТО И ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

# 1 Вовед

Скратените наставни програми се донесени од министерот за образование и наука и истите се подготвени согласно со Одлуката на Владата на РСМ учебната 2020/2021 година да започне на 1 октомври 2020 година поради состојбата со пандемијата од ковид-19. Со тоа учебната 2020/2021 година трае 159 наставни дена, односно 145 наставни дена за завршните години на средното образование, со времетраење на наставниот час од 30 минути во основното образование, односно 35 минути во средното образование.

Скратените наставни програми се базираат на целите/резултатите од учењето предвидени со наставната програма за секој наставен предмет што редовно се реализира, согласно утврдениот наставен план, со тоа што во нив, за оваа учебна година, е направен соодветен избор на наставни содржини, неопходни теми за реализација за да се овозможи стекнување на знаења и вештини предвидени со наставните програми и обезбедување на вертикална проодност во наредното одделение/година.

# 2 Реализација на скратената наставна програма во основните училишта

## 2.1. Реализација на скратената наставна програма во одделенската настава во основното деветгодишно образование

Во скратените наставни програми за сите наставни предмети за учениците од прво до петто одделение се определени: темите/програмските подрачја, наставните содржини за сите теми и програмски подрачја, кои врз основа на целите/очекувани резултати се реализираат и се предвидуваат со редовните наставни програми, бројот на часови за реализација на секоја од програмските подрачја/темите по сите наставни предмети, како и дидактичките препораки за планирање, организација и реализација на наставата.

При реализација на наставните часови со физичко присуство на учениците во училница, наставниците и учениците задолжително ги по-

читуваат протоколите за физичка дистанца и лична заштита. Значајно е да напоменеме дека при употребата на дидактичките средства и материјали за учење од страна на една група ученици, истите треба да бидат дезинфицирани со цел да бидат безбедни за користење од страна на другата група ученици. За реализација на истражувачките активности, како и за реализација на наставата со учење од далечина, се препорачува наставникот да го користи методот на демонстрација.

**Планирањето на наставата** по скратените наставни програми треба да биде согласно со наставниот план и да ги опфаќа целите, резултатите од учење и определените поими за програмските содржини на сите теми/програмски подрачја утврдени во редовните наставни програми.

Планирањето на наставниот час со времетраење од 30 минути треба да ги содржи следниве елементи:

- конкретните цели и очекуваните резултати за секој час;
- програмските содржини од предметното подрачје/темата преку кои ќе се реализираат воспитно-образовните цели;
- активностите, организационите форми и методите на поучување и учење (при што треба да доминираат активните методи на учење);
- времето за реализација на деловите на часот (воведен дел, учечко-поучувачки активности и завршен дел на часот) во однос на програмските цели и очекуваните резултати;
- дидактичките средства и материјалите што ќе се користат, како и
- методите, техниките и инструментите за следење и вреднување на постигањата на учениците.

Методите и активностите за поучување и учење на учениците наставникот треба да ги прилагоди на времетраењето на часот, а притоа да се одржи квалитетот на наставниот процес. Со оглед на развојните специфики на учениците од одделенска настава, како и спецификите на начинот на учење кај нив, ја нагласуваме потребата од максимална примена на дидактичката игра, методот на решавање на проблеми, практичните, манипулативните и истражувачките активности на учениците. Најголем ефект со истражувачкиот метод и со методот на практични работи ќе се постигне доколку тие претставуваат интегративна алатка која обединува содржини од сите наставни предмети. Во однос на организациските форми на работа, најчесто треба да се применуваат заедничката и индивидуалната форма на работа, а поретко работата во групи и парови заради обезбедување на физичка дистанца меѓу учениците.

Почитувајќи го холистичкиот пристап во работата со учениците во одделенска настава, неопходна е интегрираност при планирањето на на-

ставата и реализацијата на часовите (на пример: некои цели од *Ликовно образование* интегрирано може да се реализираат и на часовите по *Математика*, *Општество*, *Природни науки*, некои цели од наставниот предмет *Музичко образование* може да се реализираат и на часовите по *Физичко и здравствено образование*, *Природни науки* и сл.). Така, на пример, при обработка на приказна по серија слики на часот по предметот *Македонски јазик* може да се направи интеграција со предметот *Ликовно образование* и да се реализира целта „ученикот да се воведе во цртањето илустрација на дадена содржина". Тоа е можно и затоа што истиот одделенски наставник ги реализира наставните програми по сите наставни предмети согласно наставниот план. Исто така, одделенскиот наставник може да соработува со предметните наставници кои ги реализираат наставните програми по предметите *Англиски јазик*, *Техничко образование*, *Природни науки* и *Македонски јазик за заедниците* во однос на планирањето и интегрирањето на часовите.

При реализација на час на кој се разработува нова наставна содржина, часот треба да се состои од воведен дел, учечко-поучувачки активности и завршен дел.

**Воведниот дел** треба да трае најмногу 5 минути. Во овој дел од часот, преку прашања, презентација на фотографии, апликации и со користење на различни методи и техники на работа наставникот ги потсетува учениците на претходно усвоените знаења кои се основа за надоградување на нови знаења од содржината што ќе се разработува на часот и ги мотивира и ги воведува учениците во целите на часот.

Акцентот се става на **учечко-поучувачките активности**, затоа што процесот на поучување и учење треба да се одвива на час, учениците усвојуваат нови знаења, ги прошируваат претходно стекнатите знаења, истражуваат, решаваат проблемски ситуации, а наставникот покажува, решава задачи, објаснува, опишува, појаснува нови зборови и поими, помага учениците да го разберат она што го учат и сл. За реализација на планираните наставни часови во одделенската настава се препорачува флексибилност во организација на наставата. Тоа се овозможува со максимално почитување на холистичкиот приод при реализација на дневната тема, односно наставните часови за еден наставен ден. Така, на пример, при интегрирање на часовите од наставниот предмет *Природни науки* и наставниот предмет *Музичко образование* реализацијата на истражувачка активност од *Природни науки* може да трае подолго време, за сметка на слушање музика со кратко времетраење во рамките на *Музичко образование* и сл.

**Завршниот дел** од часот треба да трае најмногу до 5 минути кога се сумира сето она што е работено на наставниот час. Доколку на некој ученик нешто не му е доволно јасно треба да се даде појаснување ако е тоа потребно. Во овој дел од часот учениците треба да кажат што им било интересно, што научиле и сл.

Наставниците особено треба да ги имаат предвид законитостите во развојот на мислењето кај учениците во овој развоен период. Реализацијата на програмските цели и постигнување на очекуваните резултати во рамките на еден наставен час со времетраење од 30 минути е олеснето со намалениот број на учениците во училницата (15 – 20 ученици), со што значително се добива во време при дијагностицирањето на предзнаењата на учениците, како и при проверка на постигањата на учениците за време на часот, а со тоа останува повеќе време да се посвети на реализација на разновидни активности за учениците во кои тие активно ќе учествуваат, ќе стекнуваат нови знаења и ќе ги совладуваат неопходните вештини предвидени за тој час.

За реализација на наставата од далечина добро е доколку има технички услови учениците што се дома истовремено да се вклучат и да ги следат часовите што се одвиваат во училницата. Ако не можат да се вклучат, тогаш наставникот прави распоред во колку ќе почне наставата од далечина, при што наставниот час, исто така, трае 30 минути.

При реализацијата на учењето од далечина или, пак, при користењето на платформата за реализација на настава во училница, наставникот во одреден дел од часот користи е-содржини. Тој може самиот да подготвува/прилагодува содржини соодветни за наставниот предмет по кој реализира настава или да користи изработени е-содржини што се на располагање на платформата.

Е-содржините се користат со цел да се поттикне интересот на учениците за наставниот предмет, полесно да се запамети и да се разбере определената содржина, како и да се примени стекнатото знаење. Е-содржините што наставникот ги изработува или ги избира треба да бидат мултимедијални, односно да имаат текст, анимација, звук, презентација, да бидат достапни на платформата што се користи во училницата, но и да бидат достапни за учење од далечина. Изработените е-содржини треба да соодветствуваат на возраста на учениците и на целите/очекуваните резултати од наставната програма.

Наставникот ги презентира подготвените е-содржини, а потоа објаснува, разговара со учениците, поставува прашања и им дава насока за самостојна работа.

Домашните задачи/самостојните задачи за учениците што ги задава наставникот треба да бидат „димензионирани“ во согласност со возраста на учениците (при ангажирањето за нивно решавање да не им одзема повеќе од половина час на најмалите ученици, во првиот период на основното училиште, повеќе од еден час за учениците од четврто и петто одделение, освен кога се работи за истражувачки проекти или некои практични изработки за кои е неопходно подолго време за изготвување).

За време на реализација на наставата, наставникот треба со користење на планираните инструменти да ги бележи постигањата на учениците споредбено со планираните резултати од учењето, како и активно-

ста на ученикот, да користи систем за бележење на присуството на учениците на наставата.

## 2.2. Реализација на скратената наставна програма во предметната настава во основното деветгодишно образование

Скратените наставни програми за наставните предмети од предметна настава (дел за наставните предмети од петто одделение, како и за сите наставни предмети од шесто до деветто одделение) ги содржат следните делови: Вовед, Преглед на наставни единици по теми и предложен број на часови за секоја тема и Дидактички препораки. Бројот на часови даден за секоја наставна тема/подрачје е даден како предлог и истиот согласно со условите во кои се реализира наставата и потребите на учениците, наставникот може да го менува и прераспоредува со цел да се добијат соодветни резултати од учењето. Прераспоредувањето на бројот на часовите може да биде условено од различните по состав, по бројност и по предзнаења паралелки од исто одделение, како и од различните нагледни средства со кои располага наставникот, но и од други услови во кои наставникот ќе ја реализира наставата.

Дидактичките препораки, како дел од скратените наставни програми, нудат прецизни предлози за поврзување на темите, како и содржините во темите и подрачјата со цел правење целини во учењето кај ученикот и нивно поврзување по логички, причинско-последичен пат.

**За успешна реализација на скратената наставна програма, наставникот треба да ги направи следните неопходни чекори:**

- анализа на наставната програма по наставниот предмет (редовната наставната програма и скратената наставна програма) со цел да се одредат тематски целини од содржините на програмата при планирање на наставата;
- определување теми и содржини од програмските подрачја кои меѓусебно се поврзуваат во една целина;
- сместување на интегрираната целина во временска рамка;
- давање приказ, опис на севкупните активности на процесот на реализација на интегрираната целина што наставникот ќе ги употреби во спроведувањето на таа целина.

**При планирање на наставата и на учењето наставникот треба да се раководи од:**

- индивидуалните разлики меѓу учениците во поглед на начинот на учење, брзината на учење и брзината на напредувањето;
- интегрираниот пристап во кој постои хоризонтална и вертикална поврзаност внатре во истиот предмет и меѓу различните наставни предмети;
- активните методи во наставата и учењето;
- претходното искуство и знаење со кои ученикот располага;
- редовното и осмислено собирање на релевантни податоци за напредување на ученикот, остварување на резултатите од учењето и постигнатиот степен на развој на општите и специфичните компетенции на ученикот.

## Препораки за реализација на наставата

Наставникот, имајќи ги предвид погоре наброените активности кои треба да ги реализира, неопходно е креативно да пристапи кон реализација на целите и наставните содржини, со што ќе ги поттикнува и ќе ги мотивира учениците за усвојување на знаења и вештини, ќе го задржи нивното внимание и ќе ги мотивира учениците за завршување на домашните задачи, за читање и надополнување на знаењето од темата/областа, подрачјето/предметот.

Во реализацијата на наставата наставникот користи активности и методи од редовната програма што ги прилагодува на условите за учење од далечина. Имено, скратената наставна програма, одвивајќи се во услови на образование од далечина, бара наставникот да ја обедини педагогијата со технологијата. Наставникот треба да ги искористи средствата, алатките и можностите на технологијата и интернетот и креирајќи партнерски однос со учениците да го направи учењето процес што ќе биде предизвик сам по себе.

Аудиовизуелноста на која учениците се навикнати во секојдневниот живот и која нуди видео- и аудиоефекти може да биде искористена на различни начини: за демонстрација, за поставување задача, поставување пример или поставување проблем за решавање во соодветниот наставен предмет.

Позитивниот пристап кон наставата од страна на наставникот ќе влијае на ученикот, особено што преку овој начин на реализација на наставата неминовно ќе дојде до подобрување на медиумската и дигиталната писменост, одговорното користење готови материјали и креирање

на материјали и домашни задачи на поинаков начин. Во сето ова клучната улога ја имаат наставниците и нивните насоки во воспитно-образовниот процес.

При реализацијата на програмата, наставникот треба да користи (покрај технологијата – игри, квизови, прашања, сложувалки, асоцијации и слично, комјутерски дизајнирани) и активни методи на учење. Предлагаме во повисоките одделенија да се користи, на пример, таканаречениот **комбиниран пристап на учење,** со педагошкиот пристап кој се вика *превртена училница,* преку кој учениците најпрво самостојно ги читаат материјалите, а потоа на заедничкиот час ги објаснуваат и ги прошируваат знаењата заедно со наставникот.

При давањето насоки на учениците, наставниците треба да ги имаат предвид знаењата на учениците и нивните вештини за прибирање на информации, поточно прибирање и селектирање е-информации, и да даваат конкретни насоки, извори и бази на информации, да внимаваат на видот и обемот на задачите, како и времето кое го договараат за нивно завршување.

## Организирање и реализација на наставен час

Наставниот час, според скратената наставна програма, треба да биде внимателно испланиран, а неговата организација да биде во склад со условите за одвивање на онлајн наставата.

Во **воведниот дел** од часот на кој треба да се усвојува нова наставна содржина наставникот, користејќи ја техниката бура на идеи, играта асоцијации или, пак, покажувајќи фотографија или кратко видео, читајќи цитат од книга или цитат од лекцијата, задавајќи интересен проблем поврзан со секојдневниот живот или задача која уште на прв поглед има можност за дискусија и аргументација и слично, може да ги заинтересира учениците и да ги воведе во наставниот час. Мотивирањето за следење и учество во часот треба да биде интересно, но, сепак, за ваквата активност треба да бидат испланирани 5 минути, со многу мала флексибилност за продолжување.

Во **главниот дел** од часот со времетраење од 15 до 20 минути наставникот треба да ја презентира новата наставна содржина и истиот може да користи: демонстрација/демонстративен метод и објаснувања, презентација во која ќе има кратки и јасни белешки преку кои ќе бидат истакнати основните поими од лекцијата. Важно е ученикот пред себе да има конкретен, прегледен и интересен приказ (презентација, план на табла и слично), кој ќе вклучува прашања, примери и објаснувања. Како и на часот со физичко присуство, учениците дискутираат и треба да бидат прашувани за мислење, за пробно решение, за хипотеза на дадена задача, за одговор на прашање при поврзувањето на новата содржина со претходните познавања од обласста, што значи ќе бидат користени и текст-методот и интерактивниот метод. Имајќи ги предвид презентациите, како и потребните објаснувања, учењето од далечина во голема мера ќе користи

е-содржини. Истите се користат со цел да се поттикне интересот на учениците за наставниот предмет, полесно да се запамети и да се разбере определената содржина, како и да се примени стекнатото знаење. Е-содржините што наставникот ги изработува или ги избира треба да бидат мултимедијални, односно да имаат текст, анимација, звук, презентација, да бидат достапни на платформата што се користи во училницата, но и да бидат достапни за учење од далечина. Изработените е-содржини треба да соодветствуваат на возраста на учениците и на целите/очекуваните резултати од наставната програма.

Доколку часот е предвиден за повторување или за вежби на одредена тема,  наставникот може да подготви квиз или друга игра со поени, да ги подели учениците и истите да одговараат на прашања етапно, додека дел од нив се во улога на „жири“ или „публика“, а потоа да ги сменат улогите.

**Завршниот дел во траење од 5 минути** треба да биде резервиран за рефлексија, за резимирање на наученото и слично, зависно од наставната содржина и од наставниот предмет, но задолжително како елемент преку кој на часот ќе се добие заклучок за содржините кои биле претставени/дискутирани и објаснети.

Наставникот може да подготви и чек-листи за бележење на напредокот на ученикот, чек-листи за самооценување, ЗСНУ-табели (знам/сакам да знам/научив)  или, пак, едноставно преку прашања и во интеракција со учениците  да го повтори дискутираното, а пожелно е да има посебен слајд од презентацијата во која резимето ќе биде *видливо*, таксативно уредено или уредено по принцип  на хиерархиска важност.  Наставникот го завршува часот со конкретни прашања во однос на тоа што и колку било интересно на часот, како и по што ќе ги запомнат некои од поимите од содржината или наставникот може да ги праша/даде насока како да ги *запомнат и усвојат* информациите со кои се сретнале.

Задавањето на домашните задачи не треба да е задолжително за секој час. Домашните задачи, како и самиот час, треба да имаат определена цел, односно треба да го водат ученикот кон  резултатот од учењето на таа содржина. Пример, пишувањето кус состав на одредена тема е форма на домашна задача која не треба да се практикува само на часовите по јазик, туку и на часовите по кој било предмет, а при нивното пишување ученикот треба да има конкретни насоки и конкретни цели што треба да ги постигне. Писменото изразување е уште еден вид формативно оценување преку кое се собираат релевантни информации за постигањата на ученикот.

Во таа насока, а со цел да се поттикне и да се поддржи самонасоченото учење, се препорачува наставниците да им задаваат на учениците подолгорочни активности (проекти) водени од нивните индивидуални интереси, наместо краткорочни активности. На тој начин учениците развиваат посложени компетенции, а наставникот може да се фокусира кон следење на напредокот и насочување на учениците. Ваквите задачи треба да бидат добро содржински и временски структурирани и да

се следи напредокот преку извршување на задачите и постигнување на целите во договорени временски рокови. При учењето од далечина, ваквите домашни задачи во вид на проектни задачи и истражувања задолжително се одвиваат по соодветни насоки: извори за барање информации – книги, сајтови, блогови, конкретизација на темата на проектната задача преку прашања, давање хипотези, свои мислења и заклучоци.

Она што особено треба да се нагласи е дека при планирањето на часовите за настава од далечина треба да бидат осмислени сите сегменти од часот и наставникот да има подготвено активност плус, задача или прашања кои можат да произлезат од содржината. Иако не е секогаш лесно да се предвиди текот на еден наставен час, сепак, потребно е да се има дополнителни примери.

Усната и писмената повратна информација за учениците е задолжителна за секој час и наставникот ја упатува во афирмативна форма кон учениците со цел поттикнување и поддршка во процесот на учење.

## 3 Реализација на скратената наставна програма во средното образование

Скратените наставни програми за наставните предмети во средното образование се базираат на целите/очекуваните резултати предвидени со соодветната наставна програма за наставниот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план. Со скратените наставни програми се утврдени определени теми/подрачја/компоненти/модуларни единици и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни дена, односно за 145 наставни дена во завршната година на средното образование и времетраење на часот од 35 минути, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма. Исто така, дадена е насока дека при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената наставна програма наставникот треба да се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма. Со скратената наставна програма се опфаќаат определени наставни единици од редовната наставна програма кои се во меѓусебна корелација и кои формираат логична целина, а согласно специфичноста на наставниот предмет. За секоја тема/подрачје/компонента/модуларна единица е даден вкупниот број на часови што треба да се реализираат. Во делот *Дидактички насоки* се дадени конкретни и специфични насоки за реализација на наставата согласно скратената наставна програма.

## Препораки за реализација на скратената наставна програма

Наставникот треба да планира, да организира и да реализира часови за разработка на нови наставни содржини, како и часови за повторување, утврдување, вежби, проверка на знаењата на учениците, систематизирање, истражување и сл. во зависност од наставниот предмет и потребите за успешно реализирање на наставната програма, вклучително и процесот на учење. Одредена наставна содржина може да се разработи во текот на два или повеќе наставни часа, а за која според специфичноста на подучување и учење по наставниот предмет и согледувањата на наставникот е потребно подолго време за реализација. За секоја тема/подрачје/компонента/модуларна единица, опфатена со скратената наставна програма, во делот *Дидактички насоки* е дадено објаснување за растоварување на одредени наставни содржини од редовната наставна програма, евентуално фузирање на одредени наставни содржини, разработка на одредена/-и наставна/-и содржина/-и во текот на два или повеќе наставни часа, како и насоки за реализација на часови за вежби, експериментирање, истражување и сл. кои се мошне важни во процесот на учење и усвојување трајни и применливи знаења од страна на учениците. Во зависност од специфичноста на наставниот предмет, исто така, дадени се насоки за примена на различни методи и стратегии на подучување и учење соодветни за наставниот предмет, како и примена на нагледни средства и друг дидактички материјал, сè со цел успешно реализирање на скратената наставна програма.

## Организирање и реализација на наставен час

Наставните единици од скратените наставни програми по предметите во средното образование се реализираат на наставни часови со скратено времетраење од 35 минути. При реализација на час на кој се разработува нова наставна содржина, часот треба да се состои од воведен дел, главен дел и завршен дел.

**Воведниот дел** треба да трае најмногу 5 минути. Во овој дел од часот, преку прашања и со користење на различни методи и техники на работа, учениците се потсетуваат на претходно усвоените знаења кои се основа за надоградување на нови знаења од содржината што ќе се разработува на часот. На тој начин наставникот истовремено ги проверува знаењата на учениците. Исто така, во воведниот дел, преку користење на бура на идеи или некои други техники на работа, наставникот може да ги поттикне размислувањата на учениците и да ги заинтересира и да ги мотивира кон реализирање на целите поставени за актуелниот час. Понекогаш, може да се постави и проблемска ситуација која ќе биде добар вовед во главниот дел на часот. Проблемската ситуација може да биде и претходно зададена како домашна задача со цел учениците да имаат

доволно време да размислат и да бидат подготвени да ги споделат своите објаснувања, решенија, идеи, аргументи, ставови и сл. за време на воведниот дел од часот кои понатаму би се развиле подлабоко низ новата наставна содржина.

**Главниот дел** на часот, на кој се разработува новата наставна содржина, треба да трае најмногу 25 минути. При разработката на новата наставна содржина, наставникот треба да се води од целите/очекуваните резултати, поимите, методите, активностите и дидактичките насоки утврдени во наставната програма. Во зависност од специфичноста на подучување и учење по наставниот предмет, како и во зависност од самата наставна содржина, треба да се користат соодветни методи на работа, на пример: дискусија, презентација, демонстрација, илустрација, набљудување, експериментирање, нумеричко пресметување, учење преку истражување, учење засновано на решавање проблеми итн. При изучувањето на нови наставни содржини од далечина треба да се тежнее тие да се разработуваат колку што е можно повеќе преку интерактивна настава. Имено, наставникот треба да оствари интеракција со учениците и да ги вклучува на часот преку прашања и одговори, дискусии и сл. При разработката на новата наставна содржина преку далечинско учење неопходно е наставникот да објаснува и да запишува на табла или да има подготвено презентација, која, исто така, треба да биде проследена со усно објаснување. Притоа, видливоста треба да биде јасна, прегледна и целосна за учениците. Освен презентации, наставникот може да користи и други е-содржини кои тој сам ги подготвува или, пак, да користи изработени е-содржини кои се на располагање на платформата, на пример: интерактивни презентации, анимации, симулации, видеозаписи, аудиозаписи, илустрации, дијаграми, мапи, шеми, текстови итн. Е-содржините што наставникот ги изработува или ги избира треба да бидат мултимедијални, односно да имаат текст, анимација, звук, презентација и да бидат достапни за учење од далечина. Изработените е-содржини треба да соодветствуваат на возраста на учениците и на целите/очекуваните резултати од наставната програма. Е-содржините се користат со цел да се поттикне интересот на учениците за наставниот предмет, полесно да се разбере содржината, како и да се примени стекнатото знаење. Освен е-содржини, наставникот може да демонстрира, да изведе експеримент и сл., како и да користи определени нагледни средства и различен дидактички материјал. За време на часот мошне важно е учениците да се насочуваат да водат писмена евиденција за она што се работи на часот, да бидат активни и да учествуваат на часот, односно, да се задржи нивниот интерес преку интерактивноста и можноста да поставуваат прашања, да имаат свои ставови и сл. Наставникот секогаш треба да биде отворен за соработка со учениците, да дава повратна информација на одговорите, размислувањата, креациите на учениците и да одговара на прашањата што тие му ги поставуваат.

**Завршниот дел** од часот се однесува на рефлексија на часот. Во завршниот дел од часот се прави кратка рекапитулација и утврдување на

новите знаења што се усвоиле на часот, може да се зададе домашна задача, повторно на учениците им се дава можност да постават прашања, да се произнесат што им било интересно или што им претставувало предизвик во текот на часот, може да се дадат и дополнителни насоки и објаснувања доколку е потребно итн.

Освен часови за разработка на нови наставни содржини, согласно наставната програма, наставникот треба да планира, да организира и да реализира и часови за повторување, утврдување, вежби, проверка на знаењата на учениците, систематизирање и сл. Овие часови треба да бидат добро испланирани и осмислени при далечинското учење. На часовите за вежби треба да се решаваат примери слични на оние разработени на часовите за усвојување нови знаења, но и да се прошират со примери во кои учениците ќе го применат усвоеното знаење во нови ситуации, па дури да решаваат и нерутински проблеми и прашања. При реализацијата на часовите за повторување, утврдување, систематизирање и проверка на знаењето на учениците треба да се користат различни стратегии соодветни за наставниот предмет кои ќе овозможат активирање на повисоките когнитивни процеси, т.е. примена, анализа, евалуација и синтеза. На овој вид часови треба да се зајакне усвоеното знаење, да се примени и да се среди, да се поврзе и да се систематизира. Тоа може да се реализира преку усни прашања и одговори, дискусии, дебати и сл, како и преку решавање задачи, проблемски ситуации, квизови, тестови итн. со примена на соодветни ИТ-алатки. На таков начин преку овие часови ќе се поттикнува формирање на концептуално знаење кај учениците, т.е. знаење што се темели на размислување и разбирање, ученикот ќе учи како да размислува, како да учи, а воедно ќе развива современи компетенции: знаења, вештини, ставови и вредности.

## Поставување и користење на е-содржини за основно и за средно образование

Потсетуваме дека независно од тоа дали се работи за реализирање на настава во основно или, пак, во средно образование е-содржините (како што се: текстуалните презентации, аудиопрезентациите/видеопрезентациите и други поедноставни е-содржини) наставникот ги изработува и ги поставува на платформата и тие може да бидат достапни и од училиштето за време на реализирање на редовната настава, како и за реализирање на наставата и учењето од далечина.

Исто така, на платформата ќе се поставуваат покомплексни е-содржини набавени и одобрени од Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Државниот испитен центар што се во согласност со наставните програми, а сè со цел да бидат дополнителна поддршка на учениците во учењето на определена наставна единица (снимени видеолекции од наставници пропратени со презента-

ција) или да ги прошират и да ги продлабочат знаењата на учениците, да ги подобрат постигањата на учениците, да направат проверка на знаењата и постигањата на учениците. Е–содржините ќе бидат достапни на наставниците и на учениците во училиштето, како и за време на организирање и реализирање на настава и учење од далечина.

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education